Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 18 април 2022 година

Скопје, април 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 април 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:05 часот.

Со седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски,Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваше и Муамет Хоџа, потпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за потребата од користење на макро-финансиска поддршка од Европската Унија за држави кои не се членки на Европската Унија

2. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог - одлука и Предлог – решение

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од користење на макро-финансиска поддршка од Европската Унија за држави кои не се членки на Европската Унија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во рок од седум дена до Европската комисија да испрати писмо за формално барање за користење на макро-финансиска поддршка од Европската Унија за Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение за седум дена, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истите со мислењата на Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Д-р. Артан Груби**